**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

# ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА

**за изменување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Ѓорче Петров за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Лепенец и пречистителна станица Волково во Општина Ѓорче Петров**

Скопје, март 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија број 79/09“), Советот на Град Скопје на _________седницата одржана на ____________2023 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Ѓорче Петров за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Лепенец и пречистителна станица Волково во Општина Ѓорче Петров**

Член 1

Во Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Ѓорче Петров, за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Лепенец и пречистителна станица Волково во Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Град Скопје 7/22’’) во член 2, став 2, зборовите “за 2022 година” се менуваат со зборовите “за 2022 и 2023 година.”

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Град Скопје,,

Број __________
________ 2023 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 36/02), утврдена е надлежноста на Советот. Согласно член 14 од законот, во вршење на своите надлежности, општините можат меѓусебно да соработуваат. Заради остварување на заедничките интереси и вршење на заедничките работи од надлежност на општините, тие можат да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби, во согласност со закон. Согласно член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“број 79/09), одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Оттаму, поаѓајки од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општина Ѓорче Петров и како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Ѓорче Петров за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Лепенец и пречистителна станица Волково во Општина Ѓорче Петров.

.